

**ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА ПРЕСПА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“**

**Примариус д-р Методија (Мето)Томевски е роден во 1938 година, во убавата Преспа, во селото Брајчино. Основното образование го завршил во ОУ „Даме Груев“ во селото, кое денес, за жал, е само нем споменик за минатото. Благодарение што Светската банка одобри донација да се реновира училиштето во Брајчино, тоа го врати стариот изглед, но во него не се одржува настава.**

Во тоа училиште се стекнале со образование стотина дипломирани интелектуалци, од кои голем број се инженери, економисти, професори, правници, лекари, писатели, фармацевти, режисери, меѓу кои е и примариус д-р Методија, или како неговите блиски го викаат Мето Томевски.

Кога се пишува за семејните корени на д-р Методија Томевски треба да се потенцира дека столбот на семејството Томевски беше таткото на Методија, Ефтим. Тој беше еден од првите повоени учители во Преспа, заедно со Методија Јофковски од Љубојно и Филип Поповски од Долно Дупени, кои ги поставија темелите на образовниот систем во Долна Преспа. Ефтим беше учесник во НОБ од 1941 година и воен инвалид. Тој беше почитуван во Долна Преспа и пошироко.

Инаку, Методија Томевски е печалбарско дете. Дедо му по татко, Јован Томов, роден 1892 година бил економски емигрант – печалбар кој заминал за Соединетите Американски Држави во 1914 година.  Неможејќи да седи настрана, се вклучил и во македонските организации. Така, бил втор секретар на МПО, (Македонска патриотска организација), кога прв секретар бил Насто Лазоров од Туминец, Мала Преспа, во Албанија.

Дедо му припаѓал на групата т.н. центарот на Гоце Делчев, со сфаќања за својот идентитет дека се Македонци, јазикот им е македонски, односно „нашенски“ бидејќи во тоа време македонскиот јазик не бил признат, а државата им била Македонија. Тоа е време - невреме по Букурешкиот договор, кога Македонија неправедно била поделена на три дела, македонскиот дел и бил доделен на Србија. Но, мотото на сите македонски фракции во тоа време било: Македонија на Македонците, а нивниот идеал бил обединување на распарчената Македонија.



*Брајчино*

Прадедото на Методија, Томе Чоролов, бил роден 1849 година во Брајчино, и бил кмет во два мандата, кој поради неговата свест и храброст за неговиот јасен идентитет како Македонец, бил тепан и малтретиран и од Србите и од Бугарите ама  за ниедна цена не

прифаќал ниту српски ниту бугарски јазик. Тој бил поборник да се зачува манастирот „Света Петка" во Брајчино, кој е едно од поважните духовни светилишта во Преспа. Манастирот се наоѓа во непосредна близина на селото, на едно ливадско плато, а е изграден во XVI век, а во 1902 година му биле запалени конаците, но во 1985 година повторно се обновени со приватни донации и се приспособени за туристички цели.

Претежно од економски причини брајчинци почнаа да се иселуваат во Австралија, Америка, Канада и Шведска после 50-тите години од минатиот век. Како последица на таквото иселување во 90-тите години, од над илјада жители, колку што живееја во селото, бројот се намали на околу 200, за денес да останат само стотина жители од кои поголемиот број се повозрасни луѓе. Последиците се очигледни: училиштето е затворено,одамна,  по улиците нема џагор од дечиња, нема свадби, нема крштевки, има само умирачки.

Меѓутоа, од пред десетина години животот во селото како да почна да се враќа, селото како да заживува. Со изградбата на асфалтниот пат до селото и асфалтирањето на голем број од селските улици, се изгради водоводна мрежа и други инфраструктури, што како да беше повод, голем број брајчинци по светот, по пензионирањето да почнат да се враќаат и да ги реновираат своите стари куќи или да градат нови современи домови во Брајчино. Така и почна селото да заживува, да се враќа животот како во минатото.

Меѓутоа, печалбарското дете Методија Томевски станал специјалист педијатар, примариус, потпретседател на Здружението на педијатри на Македонија, автор и коавтор на повеќе од 40 стручни и научни трудови. Десетина години бил стручен уредник на списанието „Здравје", уредник на „Педијатрискиот информатор" и член на Здружението на новинари на Македонија.

По завршувањето на основното училиште во родното место, се запишал во Осумгодишното училиште „Димитар Влахов" во Љубојно што е на растојание од два километра. Таму со успех го завршил образованието, а потоа заминал за Битола да се здобие со гимназиска диплома.

Во врска со образованието на д-р Методија Томевски ја слушнавме сторијата дека се постапило по сугестијата на просветниот инспектор Корун од Ресен во далечната 1951 година, при службена посета на училиштето „Даме Груев" во Брајчино, каде учител бил

неговиот татко Ефтим, инспекторот бил и нивни гостин. На прашање од неговиот татко: каде да го продолжат образованието неговите деца и за која професија би им советувал? Неговиот одговор бил: професија занает, а такви се техничките и медицинските науки.

Методија бил трудољубив ученик, со голема љубопитност и желба за знаење кој се посветил на учењето, така што и основното училиште во Брајчино и прогимназијата во Љубојно ги завршил со одличен успех. Потоа, средното образование го завршил во реномираната Гимназија „Јосип Броз Тито“ во Битола. Тоа е периодот кога Методија, покрај учењето го сакал, фудбалот, пливањето, добрата книга...

Бидејќи во текот на средното образование поголем интерес и наклонетост имал спрема природните и општествените науки и дефинитивно се определил за медицинските науки и во 1957 година се запишал на Медицинскиот факултет во Скопје. Програмата на Медицинскиот факултет ја следел со посебен интерес и ентузијазам. Неговата генерација ја имала таа привилегија, така што најголемиот број наставници – професори биле еминентни стручњаци од Белград, Загреб и Љубљана, школувани во реномирани европски универзитети, со посебен респект на професорите: Вељко Бујан, Исак Таџер, Димитар Арсов и други.

Медицинскиот факултет го завршил со посебна љубов, а до вработувањето се посветил на изучување на англискиот јазик. Мотив за изучување на англискиот јазик во тоа време му била, достапноста до стручната литература која била најбогата на англиски јазик, но и желбата да замине во САД на молба и надеж на неговиот дедо Јован Томев, кој во далечната 1914 година заминал за Лореин, во државата Охајо и каде живеел сѐ до 1966 година.

Во биографските податоци на д-р Методија Томевски се вели дека по завршувањето на факултетското образование, првото негово вработување било во Здравствениот дом Скопје во најстариот, најголемиот и најафирмираниот детско - школски диспанзер „Парк“, а потоа и во „Идадија“  кои во 1967 година имаа 28.000 пациенти.



[illegible]



Пишува: СЛАВЕ КАТИН
slavekatin@gmail.com
www.slavekatin.com